ОПШТИНА РОСОМАН

# ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА РОСОМАН 2026та ГОДИНА

Росоман, 2026 година

## II. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Социјалната заштита се утврдува како дејност од јавен интерес. Согласно Законот за социјална заштита, социјалната заштита се дефинира како систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, мерки наменети за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, како и за јакнење на капацитетот за сопствена заштита на граѓанинот. Социјалниот ризик е состојба која може да го наруши или оневозможи нормалното функционирање на поединците поради старост, болест, попреченост, повреда итн.

Социјалната заштита како систем на мерки е од клучно значење за подобрување на социјалната сигурност и добросостојбата на граѓаните. Продлабочувањето на процесот на децентрализација во поглед на социјалната заштита налага поактивна улога и поорганизиран пристап на општините во решавањето на социјалните проблеми се со цел подобрување на квалитетот на животот кај своите граѓани, особено на најранливите.

Општина Росоман како носител на социјалната заштита, главно истата ја остварува преку донесување на Годишни програми за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општината, која воедно претставува инструмент за вршење на социјалната функција на општината преку планирање на финансиски средства и креирање на социјални услуги кои ќе се испорачуваат до локалното население, се со цел надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:

- *промовирање и одржување на социјална сигурност на граѓаните;*
- *спречување на социјална исклученост;*
- *подобрување на квалитетот на живот на граѓаните;*
- *подобрување на условите за живот на лицата кои тешко се вклучуваат на пазарот на трудот; и*
- *зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.*

## ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА КОИ ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВААТ ВО ТЕКОТ НА 2026 та ГОДИНА

1. **Еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се наоѓаат во положба на социјален ризик**

   Овие средства ќе се исплаќаат врз основа на поднесено Барање согласно Правилникот за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување на право на еднократна парична помош на социјално загрозени лица и лица кои се наоѓаат во положба на социјален ризик бр.08-94/1.20 од 31.01.2025 година. Барањата за одобрување на еднократна парична помош ќе ги разгледува Комисијата за финансии и буџет формирана од членовите на Советот на Општина Росоман.

   Основната цел која се очекува да се постигне преку доделување на овој вид на помош е во исклучително тешки ситуации да им се помогне на лицата односно семејства кои минуваат низ тежок период заради болест, смрт на член од семејството, старост, елементарна непогода, а истите немаат финансиски средства за да ги покријат.

   Право на еднократна помош има лице кое е од социјално загрозено семејство, а дополнително се нашло во состојба на социјален ризик или поради одредени причини и покрај тоа што не било од социјално загрозено семејство се нашло во состојба на социјален ризик.

5. **Социјални сервисни услуги за лица со попреченост и стари изнемоштени лица (помош и нега во домот)**

   Општина Росоман во соработка со Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес, на територијата на Општина Росоман ја реализира социјалната сервисна услуга – Помош и нега во домот во која се вклучени 7 негователи.

   Оваа услуга има за цел да обезбеди континуирана, навремена и квалитетна поддршка на лица со попреченост, стари лица и други лица со намалена функционална способност, кои живеат во сопствениот дом и имаат потреба од помош во секојдневното функционирање.

6. **Центар за дневен престој за стари лица со активно стареење**

   Општина Росоман преку Проектот за подобрување на социјалните услуги, со одобрен грант од Министерство за социјална политика, демографија и млади и во соработка со Здружението за грижа и нега во домот Центар за асистенција Скопје, ќе ја развива социјалната услуга Центар за дневен престој за стари лица со активно стареење на територија на Општина Росоман.

   Целната група на оваа услуга се лица постари од 65 години, особено оние кои живеат сами, имаат ограничен пристап до социјални активности или се изложени на ризик од изолација. Крајни корисници се и нивните семејства, како и локалните заедници, бидејќи подобрувањето на квалитетот на живот на старите лица има позитивно влијание врз целокупното социјално ткиво.

   Отварањето на Центар за дневен престој за стари лица со активно стареење би било значаен чекор кон подобрување на квалитетот на животот на оваа група на граѓани и подобрување на нивната благосостојба. Старите лица ќе добијат можност за подобрување на физичкото и менталното здравје, зголемена социјална вклученост и поддршка за независен живот, како и создавање на безбедна и пријатна средина каде што постарите лица би можеле активно и социјално да го поминуваат своето време.

7. **Новогодишни пакетчиња за деца од семејства во социјален ризик и деца со посебни потреби**
   - **Вкупно финансиски средства: 10.000,00 денари.**

## III. ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Согласно Законот за заштита на децата, заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика.

Помеѓу надлежностите на општината од областа на детската заштита се вбројува и згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст.

## ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКА ЗАШТИТА КОЈА ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВА ВО ТЕКОТ НА 2026^та ГОДИНА

1. **Еднократна парична помош во износ од 12.000,00 денари за секое новородено дете во 2026^та година**

   Овие средства ќе се исплаќаат врз основа на поднесено Барање за остварување право на еднократна парична помош за новороденче, согласно Правилникот за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување право на еднократна парична помош за новороденче бр.08-94/1.19 од 31.01.2025 година.

   Еднократната парична помош за секое новороденче во висина од 12.000,00 денари, е

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе се врши од страна на Комисијата за финансии и буџет формирана од страна на Советот на Општина Росоман, за секое барање поединечно, односно градоначалникот, во зависност до кого е доставено барањето, а одобрените средства ќе се уплаќаат на трансакциона сметка на барателот/граѓанинот.

Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Росоман за 2026$^{та}$ година, ќе се применува по добивање на позитивно мислење од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

Изработила: З/К

**Бр.08-92/1.2**
**02.02.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**